




МАКЕДОНИЈА

# Полицијата заплени марихуана вредна 150 000 евра, во меѓународниот канал за шверц се вмешани и ексвработени во МВР

360степени | 23 јули, 2021 10:09










Полицијата вчера запленила три торби со 54 пакувања марихуана чија вредност, според првичните процени, е 150 000 евра. Приведени се пет лица, меѓу кои и двајца поранешни вработени во МВР, соопштија од Министерството за внатрешни работи.

Станува збор на меѓународен канал за шверц на дрога од Албанија, преку Северна Македонија, а со крајна дестинација во Грција.

Од МВР велат дека од минатиот месец почнале истрага за групата инволвирана во меѓународниот транспорт на марихуаната, чиј организатор е 50-годишен маж од Гевгелија. Полицијата ја спровела акцијата вчера, откако претходно добила информации дека од 19 јули се подготвува пренос на поголема количина на марихуана.



> **„Вчера, И.К. (37) од Гевгелија, З.Б. (52) од село Грчиште и Д.С. (27) од село Марвинци со возило ’опел вектра‘ со гевгелиски таблички се упатиле кон Јанковец-Ресен, каде оствариле средба со Д.Д. (38) од село Ливата-Струга, кој пристигнал со возило ’опел вектра‘ со ресенски таблички, а во кое ја донел и претходно обезбедената марихуана. Тоа возило било преземено од Д.С. и тој се упатил од Јанковец во правец на Градско, а И.К. и З.Б. со возилото со гевгелиски таблички се движеле пред него во улога на чистачи“,**
>
> велат од МВР.

Полицијата ги запрела и ја пронашла марихуаната. Дополнително, биле направени и повеќе претреси на подрачје на Гевгелија, Валандово и Струга.

Кај еден од осомничените се пронајдени и одземени и две ловечки пушки, пиштол и муниција за кои немал дозволи.

За активностите на полицијата известено е и Обвинителството за гонење организиран криминал и корупција, до кое МВР ќе поднесе кривична пријава.

СПОДЕЛИ

## Последни содржини во Македонија



МАКЕДОНИЈА

### Почина работник во фабрика во Кочани

23 ЈУЛИ, 2021



МАКЕДОНИЈА

### Богдановиќ го продолжи рокот и ги зголеми наградите за конкурсот за „Треска“, досега никој не...

23 ЈУЛИ, 2021



МАКЕДОНИЈА СВЕТ

### (ЛОИ во Токио) Јапонски уметници ја нацртаа и Северна Македонија како самурај

23 ЈУЛИ, 2021



МАКЕДОНИЈА

### Во тек е јавен оглас за вработување на 500 образовни асистенти

23 ЈУЛИ, 2021



МАКЕДОНИЈА

### Димитров: Повикувам како земја и народ да бидеме третирани со достоинството што го заслужуваме

23 ЈУЛИ, 2021



МАКЕДОНИЈА

### (ФОТО+ВИДЕО) Северна Македонија и Португалија се договорија за воена соработка

23 ЈУЛИ, 2021



©2021 360 степени, Сите права се задржани